АЕК
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ

Ул. „ Димитрие Чуповски " бр.13
1000 Скопје
Република Македонија
тел.: +389 2 32 89 200
факс: +389 2 24 611
contact@aec.mk

Врз основа на член 17 точка в) и член 66 од Законот за електронските комуникации (Службен весник на Република Македонија број 13/2005, 14/2007, 55/2007, 98/2008, 83/2010 и 13/2012) по спроведената постапка по Јавниот тендер број 02-2615/2 од 04.07.2012 година, согласно Одлуката за распишување на јавен тендер за доделување на одобрение за користење на радиофреквенции од радиофреквенцискиот опсег 1720-1730 MHz/1815-1825 MHz (Службен весник на Република Македонија број 84/2012), а во согласност со Извештајот од извршеното разгледување и оценување на примените понуди, број 02-2615/10 од 06.08.2012 година, директорот на Агенцијата за електронски комуникации на ден 07.08.2012година, донесе

# О Д Л У К А

за избор на најповолен понудувач за доделување на одобрение за користење на радиофреквенции од радиофреквенцискиот опсег 1720-1730 MHz/1815-1825 MHz

## Член 1

За најповолен понудувач за доделување на едно одобрение за користење на радиофреквенции од радиофреквенцискиот опсег 1720-1730 MHz/1815-1825 MHz , за обезбедување на јавни мобилни комуникациски мрежи и услуги на целата територија на Република Македонија се избира:

Друштвото за комун икациски услуги ВИП ОПЕРАТОР ДООЕЛ Скопје

ул. Војвода Васил Аџиларски бб, Скопје

## Член 2

(1) Избраниот понудувач е должен да го плати еднократниот надоместок за добивање на одобрението за користење на радиофреквенции од членот 1 на оваа

одлука во висина на понудениот износ од 5.100.000 евра ( пет милиони и сто илјади евра) на сметка на Буџетот на Република Македонија во рок од 10 дена од денот на приемот на оваа одлука.

(2) Доколку избраниот понудувач не го плати еднократниот надоместок во висина, рок и начин како што е утврдено во став (1) на овој член од одлуката, нема да му се издаде одобрението за користење на радиофреквенции.

Член 3

(1) Одобрението за користење на радиофреквенции од членот 1 на оваа одлука се издава за време од 10 години со право на продолжување на важноста на одобрението на начин и постапка утврдена во Законот за електронските комуникации.

(2) Одобрението за користење на радиофреквенции од членот 1 на оваа одлука , ќе го издаде директорот на Агенцијата за електронски комуникации најдоцна до 05.10.2012 година.

Член 4

Избраниот понудувач по добивањето на одобрението за користење на радиофреквенции од членот 1 на оваа одлука е должен да постапува во согласност со Законот за електронските комуникации, прописите донесени врз основа на него и прифатените права и обврски од Тендерската документација по Јавниот тендер број 02-2615/2 од 04.07.2012 година.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Член 6

Оваа одлука е конечна.

Образложение

Во согласност со Одлуката за давање на согласност на почетниот износ на пазарната вредност на радиофреквенциите, како еднократен надоместок за добивање на одобрение за користење на радиофреквенции од радиофреквенцискиот опсег 1720-1730 MHz/1815-1825 MHz (Службен весник на Република Македонија број 80/2012) и Одлуката за распишување на јавен тендер за доделување на одобрение за користење на радиофреквенции од

радиофреквенцискиот опсег 1720-1730 MHz/1815-1825 MHz (Службен весник на Република Македонија број 84/2012), Агенцијата за електронски комуникации на ден 04.07.2012 година објави Јавен тендер број 02-2615/2 (Службен весник на Република Македонија број 84/2012) и изработи тендерска документација во која ги појасни сите клаузули од одлуката за распишување на јавен тендер, ги наведе критериумите за избор, како и дополнителната документација што мора да се обезбеди за понудите да се сметаат за прифатливи. За спроведување на постапката по Јавниот тендер со Решение број 02-2615/5 од 12.07.2012 година беше формирана Комисија со задача да ја спроведе постапката на јавно отворање на понудите, да ги разгледа и оцени примените понуди и за истото до директорот на Агенцијата за електронски комуникации да достави извештај со ранг листа на понудите според исполнувањето на условите од тендерската документација.

По јавното отворање на понудите кое се изврши на ден 06.08.2012 година и по разгледувањето и оценувањето на понудите, Комисијата за спроведување на постапката по јавниот тендер до директорот на Агенцијата за електронски комуникации достави Извештај број 02-2615/10 од 06.08.2012 година од извршеното разгледување и оценување на примените понуди, во кој е констатирано следното:

Примена е една понуда со комплетна придружна документација, број 02-2615/8 од 06.08.2012 година од понудувачот: Друштво за комуникациски услуги ВИП ОПЕРАТОР ДООЕЛ Скопје, со адреса на ул. Војвода Васил Аџиларски бб, Скопје.

При разгледувањето на документите од придружната документација на понудата, Комисијата констатира дека истите во целост ги исполнуваат условите утврдени во Јавниот тендер и тендерската документација, поради што му предложи на директорот на Агенцијата за електронски комуникации да донесе одлука со која за наповолен понудувач ќе биде избрано Друштвото за комуникациски услуги ВИП ОПЕРАТОР ДООЕЛ Скопје.

Со оглед дека по распишаниот јавен тендер е примена само една понуда, Комисијата не изврши оценување и изготвување на ранг листа.

Поради сето ова погоре наведено, а во согласност со член 17 точка в) и член 66 од Законот за електронските комуникации, директорот на Агенцијата за електронски комуникации донесе одлука како во диспозитивот.

Правна поука: Против оваа одлука е дозволена тужба до Управниот суд на Република Македонија во рок од 30 дена од денот на приемот на истата.

Советник за работи од областа на правото

Лилјана Денковска

Одобрил: Владимир Ристевски

Директор

Роберт Ордановски

Наш број 02-2615/11

07.08 2012 година